Врз основа на член 33-б од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/05, 103/08 и 124/10), директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ ЗА ЕВИДЕНЦИЈАТА НА ИЗВРШЕНИОТ ПРЕНОС НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ДРУГИ ДРЖАВИ, КАКО И ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА

## I. Општа одредба

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот за евиденцијата на извршениот пренос на лични податоци во други држави, како и начинот на водење на евиденцијата.

## II. Форма и содржина на образецот на евиденцијата на извршениот пренос на лични податоци во други држави

### Член 2

(1) Образецот на евиденцијата на извршениот пренос на лични податоци во други држави ги содржи следниве податоци:

1. Реден број;
2. Податоци за контролорот кој го врши преносот:
    - назив и седиште/име и презиме и адреса на живеење;
    - контакт телефон;
    - електронска пошта и
    - име и презиме на овластеното лице задолжено за пренос на

лични податоци.

3. Држава во која ќе се врши преносот;
4. Податоци за примачот на лични податоци во друга држава:
   - назив и седиште/име и презиме и адреса на живеење;
   - контакт телефон;
   - електронска пошта и
   - име и презиме на овластеното лице задолжено за пренесените лични податоци.
5. Категории на субјектите на лични податоци чии лични податоци ќе бидат предмет на пренос;
6. Цел или цели на преносот на личните податоци;
7. Категории на личните податоци кои се пренесуваат;
8. Посебни категории на лични податоци кои се пренесуваат;
9. Рок на чување на пренесените лични податоци;
10. Правен основ за пренос на личните податоци;
11. Број и датум на Решение за одобрување на пренос на лични податоци;
12. Општ опис за преземените технички и организациски мерки за заштитата на личните податоци при преносот;
13. Периодика на вршење на преносот;
14. Други информации за извршениот пренос;
15. Забелешка.

(2) Образецот на евиденцијата на извршениот пренос на лични податоци во други држави од став (1) на овој член е составен дел на овој правилник (Образец 1).

## III. Начин на водење на евиденцијата

### 1. Начин на доставување на Пријавата за пренос на лични податоци во други држави

#### Член 3

(1) Во Пријавата за пренос на лични податоци во други држави, контролорот задолжително ги внесува податоците наведени во член 2 став (1) на овој правилник.

(2) Пријавата за пренос на лични податоци во други држави, контролорот ја доставува електронски и во хартиена форма до Дирекцијата за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: Дирекцијата) во рок од 15 дена пред денот на започнување на преносот на лични податоци во други држави.

(3) Пријавата која се доставува во хартиена форма треба да биде потпишана од страна на контролорот кој врши пренос на лични податоци во друга држава.

(4) Образецот на Пријавата за пренос на лични податоци во други држави од став (1) на овој член е составен дел на овој правилник (Образец 2).

### 2. Водење на евиденцијата

#### Член 4

(1) Евиденцијата на извршениот пренос на лични податоци во други држави се води во електронска форма во Дирекцијата.

(2) Во евиденцијата од став (1) на овој член се внесуваат податоците од член 2 став (1) на овој правилник, како и сите промени кои ќе настанат по извршеното запишување.

### 3. Пријавување на промени во евиденцијата на извршениот пренос на лични податоци во други држави

Член 5

(1) Контролорот за секоја промена на податоците за извршениот пренос, содржани во пријавата за пренос, писмено ја известува Дирекцијата во рок од 15 дена од денот на настанување на промената.

(2) По приемот на известувањето од став (1) на овој член, Дирекцијата веднаш ги ажурира податоците содржани во евиденцијата на извршениот пренос на лични податоци во други држави.

Член 6

Во случај на престанување на својството контролор согласно прописите за заштита на личните податоци, контролорот писмено ја известува Дирекцијата во рок од 15 дена од денот на престанување на својството контролор.

## IV. Преодни и завршни одредби

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на евиденција за извршен пренос на лични податоци во други држави („Службен весник на Република Македонија“ бр. 111/05) и Правилникот за операциите на обработка на личните податоци што претставуваат посебен ризик за слободите и правата на субјектот на лични податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.111/05).

Член **8**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Директор,

Димитар Ѓеорѓиевски

Образец 1

## ОБРАЗЕЦ ЗА ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗВРШЕНИОТ ПРЕНОС НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ДРУГИ ДРЖАВИ

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Реден број | |
| **2.** | Податоци за контролорот кој го врши преносот | |
| 2.1 | Назив и седиште/име и презиме и адреса на живеење | |
| 2.2 | Контакт телефон | |
| 2.3 | Електронска пошта | |
| 2.4 | Име и презиме на овластеното лице задолжено за пренос на лични податоци | |
| **3.** | Држава во кој ќе се врши преносот | |
| **4.** | Податоци за примачот на лични податоци во друга држава | |
| 4.1 | Назив и седиште/име и презиме и адреса на живеење | |
| 4.2 | Контакт телефон | |
| 4.3 | Електронска пошта | |
| 4.4 | Име и презиме на овластеното лице задолжено за пренесените лични податоци | |
| **5.** | Категории на субјектите на лични податоци чии лични податоци ќе бидат предмет на пренос | |
| **6.** | Цел или цели на преносот на личните податоци | |
| **7.** | Категории на лични податоци кои се пренесуваат | |
| **8.** | Посебни категории на лични податоци кои се пренесуваат | |
| **9.** | Рок на чување на пренесените лични податоци | |
| **10.** | Правен основ за пренос на личните податоци | |
| **11.** | Број и датум на Решение за одобрување на пренос на лични податоци | |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Општ опис за преземените технички и организациски мерки за заштитата на личните податоци при преносот | |
| 13. | Периодика на вршење на преносот | |
| 14. | Други информации за извршениот пренос | |
| 15. | Забелешка | |

Образец **2**

ПРИЈАВА ЗА ПРЕНОС НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ВО ДРУГИ ДРЖАВИ

| | | |
|---|---|---|
| **1.** | Податоци за контролорот кој го врши преносот | |
| 1.1 | Назив и седиште/име и презиме и адреса на живеење | |
| 1.2 | Контакт телефон | |
| 1.3 | Електронска пошта | |
| 1.4 | Име и презиме на овластеното лице задолжено за пренос на лични податоци | |
| **2.** | Држава во кој ќе се врши преносот | |
| **3.** | Податоци за примачот на лични податоци во друга држава | |
| 3.1 | Назив и седиште/име и презиме и адреса на живеење | |
| 3.2 | Контакт телефон | |
| 3.3 | Електронска пошта | |
| 3.4 | Име и презиме на овластеното лице задолжено за пренесените лични податоци | |
| **4.** | Категории на субјектите на лични податоци чии лични податоци ќе бидат предмет на пренос | |
| **5.** | Цел или цели на преносот на личните податоци | |
| **6.** | Категории на лични податоци кои се пренесуваат | |
| **7.** | Посебни категории на лични податоци кои се пренесуваат | |
| **8.** | Рок на чување на пренесените лични податоци | |
| **9.** | Правен основ за пренос на личните податоци | |
| **10.** | Број и датум на Решение за одобрување на пренос на лични податоци | |
| **11.** | Општ опис за преземените технички и | |

| | | |
|---|---|---|
| | организациски мерки за заштитата на личните податоци при преносот | |
| **12.** | Периодика на вршење на преносот | |
| **13.** | Други информации за извршениот пренос | |

____________________, ________________, 20_____ година
(место) (датум)

М.П. __________________
(потпис на функционерот, односно одговорното лице)